РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија ја известува јавноста дека од месец Февруари 2018 година е примена како полноправна членка на Асоцијацијата на Европските регулатори за вода (European Water Regulators – WAREG).

Асоцијацијата на Европските регулатори започнува со активности во април 2014 година. По одржаните средби и координативни состаноци со регулаторните тела иницијатори на ова платформа во декември 2017 година се регистрира и стекнува статут на правно лице со седиште во Милано, Италија како асоцијација за соработка помеѓу независните регулатори за вода во Европа.

Ова платформа за соработка помеѓу регулаторните тела за вода во Европа е формирана со цел хармонизирање на разновидностите во националните рамки за регулација и идентификување на потребата од заеднички напори за решавање на заедничките предизвици, како и воспоставување стабилна основа за регулирањето на водните услуги на Европско ниво.

Асоцијацијата на Европските регулатори за вода (European Water Regulators – WAREG) е основана од 12 членки иницијатори а моментално е составена од 25 регулаторни тела како членки (20 од земјите членки на Европската унија, како и Македонија, Црна Гора, Косово, Молдавија и Албанија) и 5 институции како набљудувачи: Турција (Министерство за водостопанство и шумарство), Полска (Министерство за животна средина), Шведска (Асоцијација за води и отпадни води), Велс (Регулаторно тело за водни услуги) и Белгија (Регулаторна комисија за енергетика на Брисел). Асоцијацијата на Европските регулатори за вода (European Water Regulators – WAREG) се состои од Генерално собрание, Претседателство и 2 работни групи.

Регулирањето на секторот за вода во Европа опфаќа низа институционални рамки и пазарни услови кои се разликуваат од земја до земја. Во Европската унија (ЕУ), има значајна еволуција кон рационализација на секторот и усогласување на практиките преку воспоставување на општа рамка во областа на политиките за вода, а притоа имајќи ги во предвид потребите за градење на заедничка платформа во која се опфатени политиките за заедничкото делување во поглед на заштитата и ефикасното управување со водните ресурси.

Општо е познат фактот дека секторот води се соочува со специфични проблеми, предизвици и услови кои ја создаваат потребата за посветен инструмент за соработка меѓу регулаторните тела од различни Европски земји. Потребата од обновување на старите инфраструктури и градење на нови системи исто така и нивното поефикасно управување е дополнителен поттик за регулаторните тела во насока на воспоставување на ефикасен систем на контрола и следење на превземените чекори во таа насока. Водостопанските услуги се соочуваат со социјални проблеми од аспект на еднаквата достапност за крајните корисници, особено во однос на прашањето на ценовните политики, кои претставуваат еден од главните елементи на уредување од страна на регулаторите. Соработката во оваа насока и следењето на трендовите од регионот и пошироко дава дополнително значење во делот на меѓународното делување и активностите на Регулаторната комисија за енергетика.

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА**

Ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат • 1000 Скопје, Република Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 2556 004 / 02 3233-586 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk